

ENTICING

ENTICING е двегодишен Еразмус+ проект кој се фокусира на едуцирање и јакнење на капацитетите на наставниците со вештини и алатки за примена на концепти и пристапи за дигитални хуманистички науки во нивната настава.

**Билтен бр.2**
Мај 2023 година

# Што постигнавме досега?

### Е-платформа ENTICING

Платформата ENTICING служи како простор за учење, соработка и вмрежување не само во рамките на проектот туку и пошироко. Платформата им овозможува на наставниците групно да прибираат податоци, да се вклучат во колаборативно учење и да комуницираат со други колеги наставници и учесници. Оваа платформа делува како центар за трансфер на знаење, вмрежување и прикажување и имплементирање на групно прибрани идеи и решенија.

Платформата ги зајакнува капацитетите на наставниците со обезбедување на нови алатки за учење и олеснување на процесот на самостојно учење. Исто така, го подобрува нивниот професионален развој преку трансфер на знаење и градење на професионалната мрежа. Дополнително, наставниците, корисници на платформата кои воедно се и давателите на образовани услуги, имаат бенефит од користењето на оваа најсовремена дигитална алатка за образование и обука.

Платформата е достапна на сите јазици од партнерските држави и овозможува слободен пристап. Можете да пристапите преку овој линк: **https://platform.enticing-project.eu/**

### Наставна програма за курсеви за дигитални хуманитарни науки

Конзорциумот успешно ја имплементираше наставната програма за курсеви за дигитални хуманитарни науки за наставници во средните училишта во четирите партнерски земји. Оваа иницијатива ја пополнува образовната празнина и претставува значајна иновација. Преку пилотирање во Грција, Кипар, Ирска и С.Македонија, наставната програма стана најдобра практика. Помага во подобрување на вештините и компетенциите на наставниците, а истовремено има корист за пошироката заедница на едукатори.

Наставната програма на курсот е достапна **ТУКА .**

### Промовирање на дигитални хуманитарни науки и краудсорсинг

Овој резултат е дел од активностите на проектот ENTICING, кој опфаќа промовирање на дигитални хуманитарни науки и краудсорсингот. Нуди сеопфатни извештаи за да се обезбеди одржливост на проектот, поширок опсег и зголемено знаење во оваа област. Извештаите опфаќаат различни влијанија на организациско и политичко ниво.

Главните компоненти вклучуваат:

- Прирачник за преносливост и проширување на опсегот на знаење и ресурси на проектот ENTICING
- Прирачник за училишниот менаџмент во врска со дигитални хуманистички науки и краудосринг
- Препораки за политики

Водич за преносливост и проширување на опсегот на знаење и ресурси е од голема корист за образовниот кадар и засегнатите страни вклучени во образованието и обуката. Прирачникот за училишниот менаџмент функционира на организациско ниво, поддржувајќи ја интеграцијата и промоцијата на дигиталните хуманистички науки во средното образование. Препораките за политики имаат за цел да го воведат краудсорсинг во дигитални хуманитарни науки и да ги прошират можностите за обука за наставниците по хуманистички науки на национално и меѓународно ниво. Овој извештај е достапен како е-публикација на сите партнерски јазици, обезбедувајќи пристапност за пошироката јавност.

### Нашата последна конференција

На 3 мај 2023 година, Центарот за политики на КМОП ја организираше конференцијата „Колаборативни идини: дигитални хуманистички науки и краудсорсинг извори во образовни контексти" во Брисел. Овој настан обезбеди можност за професионалците, европските организации, универзитетите и Европската комисија да разменат знаења и идеи за подобрување на дигиталното образование и краудсорсинг во образовни контексти.

Темите на конференцијата вклучија:

- Истражување на придобивките од краудсорсинг и подобрување на дигиталната подготвеност на наставниците по хуманистички науки
- Воведување на концепти за дигитални хуманистички науки и краудсорсинг
- Дискусија за дигиталните образовни политики на ЕУ за подобрување на вештините на наставниците
- Презентирање примери на проекти и практики во дигиталното образование

☞За повеќе информации, посетете ја нашата веб-страница: **www.enticing-project.eu**

✉Контактирајте не на info@enticing-project.eu за какви било прашања.

## Останете поврзани и зајакнети ги вештините со ENTICING!

### ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ

UNIVERSITY of the PELOPONNESE | CARDET | ΙΝΣΤΙΤΟΥΤΟ ΕΚΠΑΙΔΕΥΤΙΚΗΣ ΠΟΛΙΤΙΚΗΣ | KMOP POLICY CENTER | spectrum RESEARCH CENTRE

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината што ги одразува ставовите само на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа". Project Number [2020-1-EL01-KA226-SCH-094773]